РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.НС.007.01

# НАСОКА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНОСТИТЕ ЗА ИМАТЕЛИ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР (ОЕО)

ДЕКЕМВРИ 2022

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 30-12-2022 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 67/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# НАСОКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНОСТИТЕ ЗА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР (ОЕО)

## I.Општи одредби

1. Цел на оваа Насока е појаснување на пропишаните поволности за имателите на одобренија за овластен економски оператор(во натамошниот текст ОЕО) и начинот на нивното спроведување од страна на надлежните царински службеници.

## II. Правна основа

2. Поволностите за имателите на одобренија за ОЕО се пропишани со членот 6-а од Царинскиот закон[1] (во натамошниот текст ЦЗ),членовите 10-ѓ, 10-е и 10-ж од Уредбата за спроведување на царинскиот закон[2] и Делот 1, глави III, V и VI од Прирачникот за овластен економски оператор[3].

## III.Видови поволности

3. Царинската управа издава два вида на одобренија за ОЕО и тоа:
   - Овластен економски оператор за царински поедноставувања – ОЕОЦ
   - Овластен економски оператор за безбедност и сигурност – ОЕОС.

[1] Царинскиот закон со сите измени, како екстерен акт е објавен во Депозитарот, согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

[2] Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени како екстерен акт е објавена во Депозитарот, согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

[3] Прирачникот за овластен економски оператор е објавен во Депозитарот, согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

4. Еден економски оператор може да е имател и на двата вида одобренија.

5. На следната табела назначени се видовите на поволности пропишани за еден имател на одобрение за ОЕО во зависност од видот на издаденото одобрение:

| Поволности | ОЕОЦ | ОЕОС |
|---|---|---|
| Поедноставен пристап кон царинските поедноставувања | X | |
| Помалку физички и документарни контроли<br>- Поврзани со безбедност и сигурност<br>- Поврзани со други царински прописи | X | X |
| Претходно известување во случај доколку ОЕО е селектиран за контрола поврзана со безбедност и сигурност | | X |
| Претходно известување во случај доколку ОЕО е селектиран за контрола поврзана со други царински прописи | X | |
| Предност во случај кога ОЕО е селектиран за контрола | X | X |
| Можност за избор на местото каде ќе се врши царинската контрола | X | X |
| Индиректни поволности:<br>- ОЕО е признат како безбеден и сигурен деловен партнер<br>- Подобри односи со царинските органи и другите државни органи<br>- Намалување на кражби и губитоци<br>- Помалку задоцнети пратки<br>- Подобро планирање<br>- Подобра услуга за клиентите<br>- Поголема лојалност на клиентите<br>- Помалку инциденти поврзани со безбедност и сигурност<br>- Поголема сигурност и комуникација меѓу партнерите во трговскиот синџир на снабдување ... | X | X |
| Взаемно признавање со други земји | | X |
| Повластен третман и приоритет при одлучување по други барања поднесени од имателот на ОЕО | X | X |
| Бесплатна обука за новини во царинското законодавство на секои две години за одговорното лице за царински прашања и петмина вработени (во зависност од потребите на ОЕО) | X | X |
| Употреба на приоритетна лента на граничен премин, каде е возможно | X | X |

6. Поволноста „Предност во случај кога ОЕО е селектиран за контрола" значи дека во случај кога ОЕО е селектиран за контрола предметната царинска декларација царинскиот службеник ја прегледува прва односно пред царинските декларации од други трговски друштва кои не се ОЕО.

7. Во случај кога повеќе иматели на одобрение ОЕО се селектирани за контрола, поволноста „Предност во случај кога ОЕО е селектиран за контрола" се применува редоследно во зависност од приемот на царинските декларации на имателите за ОЕО.

8. Поволноста „Можност за избор на местото каде ќе се врши царинската контрола" значи овозможување на имателите на одобрение за ОЕО да изберат место различно од местото на царинската испостава каде се врши контрола.

9. Овозможувањето на оваа поволност се спроведува со поднесување на барање во слободна форма испратено по електронска пошта до шефот на царинската испостава и одобрување од негова страна или од него овластено лице, на истиот начин. Движењето на која било стока од местото на увозот до местото на контрола може да се врши само под царински надзор и контрола. По извршената царинска контрола царинскиот службеник, согласно Упатството за спроведување на постапка на увозно царинење и Упатството за спроведување на извозна постапка со примена на СОЦДАД[4] во рубриката „Резултати од контрола" во полето Забелешки внесува забелешка "Одобрена контрола за ОЕО на локација ХХХ (се наведува точната адреса)"

10. Поволноста „Повластен третман и приоритет при одлучување по други барања поднесени од имателот на ОЕО" значи дека во случај кога еден имател на одобрение за ОЕО поднесе какво било друго барање до Царинската управа за какви било други одобренија за спроведување на царински постапки или барања по други основи, таквото поднесено барање се одлучува пред другите барања за подносители кои не се иматели на одобрение за ОЕО.

[4] Упатството за спроведување на постапка на увозно царинење и Упатството за спроведување на извозна постапка со примена на СОЦДАД како интерни акти се објавени во Депозитарот, согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

11. Овластените економски оператори имаат право да го користат логото ОЕО на своите документи, транспортните средства, интернет страница и слично преку кое се идентификуваат како иматели на овој вид на одобрение и преку кое полесно се препознаваат како од деловната заедница, така и за царинскиот орган.

12. Логото ОЕО, Царинската управа го дава на имателите кои имаат одобрение за ОЕО и тие може да го користат се дури е во важност одобрението за ОЕО.

13. Лого

14. Поволностите се достапни за имателите на ОЕО во земји со кои Република Северна Македонија има потпишано Договор за взаемно признавање. Ова подразбира признавање од страна на таа земја на статусот ОЕО на имателите на одобренија од Република Северна Македонија и слично на тоа признавање во Република Северна Македонија на статусот ОЕО на имателите на одобренија од таа земја. Оваа поволност се однесува само на ОЕОС. Поволностите влучуваат: помалку физички и документарни контроли поврзани со безбедност и сигурност, претходно известување во случај доколку ОЕО е селектиран за контрола поврзана со безбедност и сигурност,предност во случај кога ОЕО е селектиран за контрола, можност за избор на местото каде ќе се врши царинската контрола и употреба на приоритетна лента на граничен премин, каде е возможно.

## IV. Начин на пополнување на царинската декларација за иматели на ОЕО

15. За да може да се спроведат во целост поволностите за имателите на одобренија за ОЕО потребно е царинската декларација да е правилно и

соодветно пополнета во соодветните рубрики, а сè со цел препознавање на имателите во системот на анализа на ризик.

16. Во случај кога и примачот/извозникот и застапникот се иматели на ОЕО при поднесување на декларација за увоз/извоз, задолжително се пополнува рубриката „Индикатор на посебни околности" со избирање на шифрата Е од паѓачкото мени. Оваа рубрика задолжително се пополнува, единствено во случај кога и лицето од рубрика 8 при увоз или лицето од рубрика 2 при извоз и лицето од рубрика 14 се иматели на ОЕО. (Слика 1)




Слика 1

17. Рубриката 44 Приложени документи/сертификати се пополнува на следниот начин: во тип на документ се внесува шифрата Y022, во број на документ се внесува бројот на одобрението за ОЕО на примачот односно извозникот, како втор документ се внесува шифрата Y024 и број на одобрение за ОЕО на застапникот од рубрика 14. (Слика 2)




Слика 2

18. Доколу декларацијата е поднесена од страна на еден имател на ОЕО, односно доколку имател е само примачот/извозникот при увозна односно извозна постапка, но не и застапникот наведен во рубрика 14, тогаш рубриката

„Индикатор за посебни околности" не се пополнува. Во овој случај во рубрика 44 приложени документи/сертификати соодветно се внесува тип на документ Y022 и број на одобрение за ОЕО доколку се работи за лице од рубрика 8 при увоз односно рубрика 2 при извоз. Доколку само застапникот од рубрика 14 е имател на одобрение за ОЕО, тогаш во приложени документи се внесува шифрата Y024 како тип на документ и број на одобрение.

19. Во случај кога лицето од рубрика 8 за увоз или лицето од рубрика 2 при извоз е исто со лицето наведено во рубрика 14, односно во случај кога нема застапување, а лицето е имател на одобрение за ОЕО, тогаш се внесуваат и двете шифри во рубрика 44 и Y022 и Y024 со ист број на одобрение.

20. Во случај кога испраќачот на стоката од рубрика 2 е имател на ОЕО одобрение во земја со која Република Северна Македонија има склучено Договор за взаемно признавање, во рубрика 44 приложени документи/сертификати соодветно се внесува:

- тип на документ Y031, број на документ се внесува бројот на одобрението за ОЕО за Република Србија во која е издадено одобрението
- тип на документ Y032, број на документ се внесува бројот на одобрението за ОЕО за Република Албанија во која е издадено одобрението.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОЕО испраќач | — | — | — | X | X | X | X |
| ОЕО примач | X | X | — | — | — | X | X |
| ОЕО застапник | X | — | X | — | X | — | X |
| | Y022/<br>Y024 | Y022 | Y024 | Y031RS<br>Y032AL | Y031<br>RS/<br>Y032 AL<br>Y024 | Y031RS/<br>Y032 AL<br>Y022 | Y031RS/<br>Y032AL<br>Y022<br>Y024 |

Табеларен приказ на рубрика 44

21. Списокот на имател на одобренија ОЕО од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено Договор за взаемно признавање се објавува на интранет страницата на Царинската управа во делот екстерни документи, 06

ЕУ Интеграција, меѓународни договори и проекти на следниов линк http://intranet.curm/portal/page?_pageid=60,405898&_dad=portal&_schema=PORTAL

## V.Начин на постапување на граничните царински испостави

22. Во рамките на иницијативата Отворен Балкан, со иницијална намена брз проток на стока меѓу земјите потписнички Република Северна Македонија, Република Србија и Република Албанија, овозможено е користењето на поволноста за имателите на ОЕО за употреба на приоритетна лента.

23. Оваа лента е наменета за иматели на одобренија за ОЕО, за стока чиј извоз е наменет за трите држави, увоз во царинското подрачје на стока која доаѓа од Република Србија и Република Албанија, како и трговски друштва, вклучувајќи и транспортери од трите држави, чија стока транзитира низ царинско подрачје на Република Северна Македонија.

24. Возилата на имателите на ОЕО од Република Северна Македонија, а со цел за полесна идентификација на истите, потребно е да имаат видливо поставена ознака во кабината на возачот со следните карактеристики: хартиена ознака во формат А4 со сива ознака на која е напишан следниов текст ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ОТВОРЕН БАЛКАН, назив на имателот на одобрението, логото ОЕО и бројот на одобрението. (Слика 3)




Слика 3

25. Начинот на спроведување на поволностите за имателите на ОЕО на граничните царински испостави се врши согласно Протоколот за уредување на постапка за побрз прокот на стока[5].

## IV.Завршни одредби

26. Одговорни за спроведување на оваа насока се царинските службеници од сите организациони единици на Царинската управа.

27. Надлежен за предлагање на измени и дополнувања на оваа насока е помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

28. Сите непосредни раководители потребно е со оваа насока да ги запознаат вработените во организациските единици со кои раководат.

29. Секторот за царински систем ја објавува оваа насока согласно Процедурата за депозитар на документација.

30. Оваа Насока стапува во сила со денот на донесувањето.

Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-071152/22-0001
Скопје, 30-12-2022 г.

Изработил: Билјана Гаџовска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

[5] Протоколот како екстерен акт е објавен во Депозитарот, согласно Процедурата за депозитар на документацијата во Царинската управа

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |